УДК 001.891-05(436.421)

**Ристески С. Љупчо (Скопје, Македонија)**

## ЗБИРКАТА НА ПРОФ. ЏОЕЛ МАРТИН ХАЛПЕРН ЗА МАКЕДОНИЈА

Во текот на месеците септември и октомври 2002 година, д-р Љупчо С. Ристески од Заводот за етнологија на ПМФ - Скопје реализираше студиски престој на Универзитетот во Грац на Одделот за историја на Југоисточна Европа. Таму, во Библиотеката на Одделот се чува копија од *Збирката* на проф. Џоел М. Халперн и неговата сопруга Барбара Керевски-Халперн.

Двајцата, с~ до денес, важат за најзначајни имиња на странски антрополози кои поголемиот дел од својот работен и истражувачки живот го посветиле на проучување на проблемите на Балканот, посебно на поранешна Југославија. Своите првични истражувања ги започнале далечните 50-ти години од XX век, кога го реализирале својот подолг истражувачки престој во Југославија. Главно истражувале во Србија (монографија за селото Орашац), но понатаму, ги проширувале своите истражувања и во другите републики на тогашна Југославија.



Проф. д-р Џоел М. Халперн во Скопје во 2004

Заводот за етнологија на Инситутот за географија на ПМФ, преку активноста на доц. д-р Љупчо С. Ристески, а во тесна соработка со проф. Џоел М. Халперн, во текот на 2003 година работеше на создавање на *Збирката на проф. Халперн за Македонија,* која чува во Заводот за етнологија во Р. Македонија. Проектот е целосно финансиран од Институтот „Отворено општество"-Македонија.

Основна цел беше да се соберат, да се класифицираат и да се архивираат сите материјали што денес се чуваат во *Збирката* на проф. Џоел. М. Халперн, во Архивот на Универзитетот во Амхерст, САД, а потекнуваат од Македонија. При научноистражувачкиот престој на д-р Љупчо С. Ристески на Универзитетот во Амхерст, САД, работата се изведуваше, главно, во домашниот архив и библиотеката на проф. Џоел М. Халперн. Притоа е направен целосен увид и селекција на материјалите што се однесуваат на Македонија. Работата беше крајно олеснета поради долгогодишната систематичност на проф. Халперн во процесот на архивирање на податоците. Во последниве години тој пристапил и кон процес

на дигитализирање на сите документи и на фотодокументацијата, што во огромна мера ја забрза работата.

Збирката содржи многу значајни етнографски и антрополошки податоци од Македонија кои настанале како резултат на децениските проучувања на проф. Халперн и на неговата сопруга Барбара Керевски-Халпер на просторите на поранешна Југославија и во Македонија. Од Македонија постојат повеќе стотици страници материјали, како:

1. Теренски белешки од истражувачките престои во Македонија од 1954 година;
2. Ракописи од патувањето на проф. Халперн низ Македонија во 1978 година како резултат на учеството во програмата за збратимување на градовите Скопје и Темпе;
3. Една аудиокасета снимена во селото Волче, место каде што антропологот Јозеф Обрембски истражувал во 1931/32 година;
4. Бази на податоци со исклучително значајни слајдови и фотографии, систематизирани во три различни бази, кои се однесуваат на Македонија:
   а) *Џ.М.Халперн-база на податоци со слајдови и фотографии од Југославија* со 330 слајда;
   *б) Џ.М.Халперн-база на податоци со слајдови и фотографии од Македонија* со 1958 слајда;
   *в) Џ.М. Халперн-база на податоци со слајдови и фотографии од Јозеф Обрембски*од периодот 1931/32 година, со 550 слајда;
   г) Копии од *пописите на населението* од селата Велешта и Лабуништа во Македонија од 1961 година;
   д) Една папка копии од *кореспонденција* на проф. Џоел М. Халперн со колеги во Македонија;
   ѓ) *Интервјуа* со жители од селата Велешта и Лабуништа од 1962 година.


Проф. Џ.М.Халперн во Волче, Порече, 2004 година

Проф. Халперн му подари на Заводот за етнологија околу 1200 стручни публикации (периодични и монографски) од областа на етнологијата и антропологијата кои се подредени во Збирката, така што Заводот за етнологија може да се пофали дека ја има една од најрелевантните и најбогатите збирки со антрополошка литература на Балканот и бескрајно му е благодарен на проф. Џоел М. Халперн.